СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

# Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Брвеница

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Брвеница.
Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Брвеница.

Во однос на ЛЕАП-от општината има донесено ЛЕАП кој е веќе истечен (2009-2015) и не е формирано тело за следење на имплементацијата

Активностите кои се однесуваат на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи се спроведуваат од страна на општината, има издадено 1 (една) Б-инегрирана еколошка дозвола, и уште една постапка е во тек. Постапките се водат од страна на советник за животна средина, Славица Тодоровска. При тоа има и раководител на одделение за комунални дејности, животна средина и ЛЕР.
Надворешен план  за вонредни состојби не е донесен.

Во врска со постапката за одобрување на елаборати за животната средина утврдено е дека во општина Брвеница во 2019 година одобрени се 7 елаборати, одбиен 1. додека во 2020 година има одобрено 3 елаборати. Се води регистер на одобрени елаборати.
Постапките се водат од страна на советник за животна средина, Славица Тодоровска. При тоа има и раководител на одделение за комунални дејности, животна средина и ЛЕР
Исто така има овластен инспектор за животна средина тоа е Дракче Стефаноски.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Во општината не се водат соодветните катастри согласно член 42 (5) од ЗЖС и не се доставуваат потребните податоци за одржување на катастрите до МЖСПП.

Општината соработува со соседните општини, а со некои општини има потпишано и меморандум за соработка зависно од потребата при спроведување на одреден проект.

Општината Брвеница има донесено план за управување со отпад за период 2018-2021, што се однесува до програмата за управување со отпад постапката е во тек. Општината нема предвидено локации каде би се изградиле претоварни станици. Ангажиран е концесионер за собирање и транспортирање на отпад. Нема пропишано посебни правила за постапување со отпад. Нема информативен систем на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со отпадот. Има склучено договор со Пакомак за управување со отпад од пакување.
Во однос на надлежностите од областа на заштита на водите општината нема превземено никакви активности. Има основано ЈП за Вардар Брвеница кое ја врши и дејноста за работење и одржување на системите за водоснабдување.

Во однос на надлежностите од областа на заштита од бучавата, Општината Брвеница нема преземено соодветни активности.

Административни службеници кои се вклучени во делот на животната средина се:
Јусуф Шаини- Раководител на одделение за комунални дејности, животна средина и ЛЕР; Славица Тодоровска- Советник за животна средина (во делот на Елаборатите и БИЕД); и Дракче Стефановски- овластен инспектор за животната средина и раководител на сектор за урбанизам, животна средина и ЛЕР.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина се спроведуваат до определена мера, има административен капацитет (доколку наведените лица не се одговорни и за други работи во општината кои не се поврзани со животната средина).

Комисијата дава препорака во општината да се оформи посебно одделение за животна средина и да опфаќа работни места чиј опис и попис на работни места

би ги опфаќале сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

- Општината веднаш да започне со спроведување на останатите надлежностите од областа на животната средина кои досега не се спроведувале

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпадот, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

-Потребно е општината да ги превземе предходно наведените укажувања и во рок од 6 месеци да го извести МЖСПП во однос на истото. Во спротивно министерството ќе биде принудено да постапи согласно член 212 од Законот за животна средина односно да ја одземе надлежноста на општината за сметка на општината.

Скопје, 21.10.2020 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk